Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-тата седница одржано на 30.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-7310/1 од 25.07.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско и несовесно постапување на стечајни управници во стечајна постапка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи односно веќе постапиле други надлежни органи.

Заради натамошно надлежно постапување, ДКСК до ОЈО /// ќе достави известување за наводите и околностите од предметот.

Предметот со број 12-7310/1 од 25.07.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 25.07.2022 година поднесена е пријава со наводи за незаконско и несовесно постапување на стечајни управници во стечајна постапка и оформен е предмет со број 12-7310/1 од 25.07.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско и несовесно постапување на стечајните управници во стечајната постапка над стечајниот должник /// ДОО /// – во стечај.

Во пријавата, без да бидат изнесени наводи за конкретни коруптивни дејствија, опсежно се опишани околностите на постапката за стечај над стечајниот должник /// ДОО /// – во стечај, при што наводите за незаконитости се однесуваат на непостапување во согласност со Законот за стечај на стечајните управници по предмет број ///, како и на повреда на одредби од други закони при спроведувањето на стечајната постапка.

Според наведеното во пријавата, постапувањето на стечајните управници било во насока на фаворизирање и доведување во повластена позиција на една од странките преку признавање на невистинито право на имотна корист која произлегла од побарување кое не постоело и за кое немало материјални докази во сметководствената евиденција.

Понатаму, во пријавата е наведено дека стечајните управници не се грижеле за зачувување и заштита на имотот на стечајниот должник, а до одборот на доверители не доставувале извештаи ниту барале согласност за преземање на дејствија. Воедно, според

изнесеното во пријавата, не било побарано ниту побивање на правни дејствија на правни работи преземени пред отворањето на стечајната постапка со кои дејствија стечајниот должник и стечајните доверители биле оштетени, а кои биле утврдени во табела на оспорени побарувања на доверители и утврдување на излачно право и во правосилни и извршни решенија од 2015 година за утврдување на излачно право.

Од содржината на пријавата доставена до ДКСК врз чија основа е оформен предметот со број 12-7310/1 од 25.07.2022 година произлегува дека освен до ДКСК, истата е доставена и до други институции, органи и тела, меѓу кои и повеќе правосудни органи.

Воедно, од содржината на пријавата доставена до ДКСК произлегува дека одборот на доверители до ОЈО /// во 2018 година поднел кривична пријава /// од ///2018 година против правно лице и неколку физички лица поради сомневање за сторени кривични дела, и против стечајниот управник ///, поради сомневање дека работела спротивно на Законот за стечај и поради сомневање дека сторила злоупотреба на службената положба преку соучесништво со доверител кој пријавил лажно побарување. Во пријавата е наведено дека оваа постапка пред ОЈО /// заклучно со јули 2022 година била сè уште во тек.

Во продолжение на пријавата подетално се опишани околности поврзани со наводно непреземање на соодветни дејствија и од страна на стечајниот управник /// и околности поврзани со неовластено преземање дејствија од страна на адвокат – законски застапник којшто наводно не бил ополномоштен од страна на стечаен управник, и за чиј ангажман не била донесена одлука од страна на одборот на доверители.

Имајќи предвид дека од содржината на пријавата произлегува дека за наводите за незаконско постапување при спроведувањето на стечајната постапка биле информирани и други институции, органи и тела, меѓу кои и повеќе правосудни органи, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до Основниот /// суд ///, до Судскиот совет на Република Северна Македонија и до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК).

Од увидот во податоците и информациите кои беа доставени на барање на ДКСК произлегува дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија била доставена идентична пријава како пријавата доставена до ДКСК, од страна на истите подносители, по што по проучување на истата, на седница на Советот одржана на 28.09.2022 година, било утврдено дека Советот во конкретниот случај не е надлежен да постапува, за што до подносителите на претставката било доставено известување, со кое тие биле известени и дека за незадоволството од постапувањето на стечајниот управник можат да се обратат до стечајниот судија и до Министерството за економија, а за незадоволството од постапувањето на адвокатот во својство на полномошник на стечајниот должник – до Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Понатаму, од доставените информации на барање на ДКСК произлегува дека до ОЈО ГОКК било доставено Известување со наводи кои се поистоветуваат со наводите изнесени во пријавата доставена до ДКСК. По извршена анализа на Известувањето и на прилозите кон истото, произлегло дека не се преземени инкриминирачки дејствија во кои се содржани битните елементи на кривично дело за кое согласно членот 32 од Законот за јавното обвинителство постои исклучива месна и стварна надлежност на ОЈО ГОКК. Воедно, било увидено дека во Известувањето е изразено сомневање за преземени дејствија во текот на постапката за стечај над стечајниот должник /// ДОО /// – во стечај, кои доколку

се потврдат со обезбедени докази од кои би се утврдиле сите решителни факти, би било исполнето законското битие на кривичното дело Злоупотреба на постапката за стечај од член 256 од Кривичниот законик, кое кривично дело согласно одредбите од Законот за јавно обвинителство не е во стварна и месна надлежност на ОЈО ГОКК. Поради тоа, примeното Известување ОЈО ГОКК на 18.10.2022 година го доставило до ОЈО ///.

ДКСК ги има предвид дејствијата преземени од страна на институциите во рамки на нивните законски надлежности. Со оглед на тоа што во пријавата не се опишани околности на конкретни коруптивни дејствија, туку наводите од пријавата упатуваат на повреда на одредби од Законот за стечај и повреда на одредби од други закони при спроведувањето на стечајната постапка, ДКСК цени дека покрај преземените дејствија кои произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема други расположливи механизми за проверка на овие наводи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК цени дека постојат услови до ОЈО /// да достави известување за наводите и околностите од предметот, заради негово натамошно надлежно постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување а предметот ќе го достави на натамошно надлежно постапување на ОЈО ///, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**